# Република Македонија
# Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-3-2014


## Резиме

- **БДП** во К-3-2014 во однос на истиот квартал претходната година забележа **реален раст** од 4,1%;
- **Бројот на вработени** во К-3-2014 е за 1,2% повисок во однос на истиот квартал претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 2,7% на годишна основа, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-3-2014 на 27,9%;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2014, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,3% во однос на истиот квартал од 2013 година;
- Просечната **бруто плата** во К-3-2014 изнесува 31.165 денари и споредено со бруто платата во К-3-2013 е за 0,8% повисока на номинална основа и за 1,1% на реална основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-3-2014 се пониски за 2,6%, а вкупните **буџетски расходи** за 0,6% споредено со истиот квартал од 2013 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2014 се зголеми за 3,6% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-3-2014 бележи раст од 1,4 % на квартално ниво;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во септември 2014 година се зголеми за 4,9% во однос на јуни 2014 година, додека вкупниот промет остварен на берзата се намали за 42,2%;
- Во К-3-2014 забележан е **раст на извозот** од 19,1% и на **увозот** од 16,0% на годишно ниво (к/к-4), со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 17,2%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

БДП во К-3-2014 во однос на истиот квартал од 2013 година забележа реален раст од 4,1%, со што растот на БДП во првите три квартали од 2014 година изнесува 3,9%[1]. Номиналниот раст на БДП во К-3-2014 година изнесува 2,8% споредено со истиот квартал од претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 1,3%.




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-3-2014 позитивни остварувања забележаа сите дејности. Индустриското производство продолжува со позитивните движења, и во К-3-2014 забележа раст од 5,8%, како резултат на преработувачката индустрија којашто забележа висок раст од 16,6%. Растот на услужниот сектор во К3 изнесува 3,5%. Во рамки на услугите, најголем придонес кон растот на економската активност имаше секторот Трговија, транспорт и угостителство, каде што е забележан раст од 2,9%, следен од секторите Дејности во врска со недвижен имот (2,8%), Финансиски и дејности на осигурување (7,5%), Стручни, научни и технички дејности (8,2%), Останати услужни дејности (11,6%), Информации и комуникации (4%) и Јавна управа и одбрана (0,8%). Градежништвото во К-3-2014 забележа раст од 2,6%, по растот од 0,5% во претходниот квартал. Стапката на реален раст во земјоделството изнесува 0,3%.

Растот на **индустријата** во К-3-2014, согласно месечните податоци за индустриското производство, изнесува 5,4% и се должи на остварените позитивни стапки кај: производство на останата опрема за транспорт (37,3%), производство на тутунски производи (35%), производство на електрична опрема (24,7%), производство на хартија и производи од хартија (23,1%), производство на фабрикувани метални производи (20,5%), производство на машини и уреди (16,7%), производство на основни фармацевтски производи (15,3%), производство на прехранбени производи (13,3%), производство на метали (10,1%), производство на пијалаци (4,4%), вадење други руди и камен (3,4%), производство на облека (2,7%), производство на производи од гума и пластични маси (2%), производство на

[1] Државниот завод за статистика истовремено направи ревизија на стапките на реален раст на БДП за К1 и К2 2014 година. Така, растот на БДП за К-1-2014 година е ревидиран на 3,2% од 3,5% претходно, а растот за К-2-2014 година е ревидиран на 4,4% од 4,3% претходно.

моторни возила[2] и останата производствена индустрија (46,4%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 14 гранки, кои сочинуваат 63,7% од индустриското производство.

Пад е остварен кај: производство на кокс и рафинирани нафтени производи (75%), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (23,4%), поправка и инсталирање машини и опрема (13,2%), печатење и продукција на снимени медиуми (12,6%), вадење јаглен и лигнит (10,5%), производство на мебел (8,4%), вадење руди на метал (5,9%), производство на текстил (5,4%), преработка на дрво и производи од дрво и плута (1,7%), производство на други неметални минерални производи (1,7%), производство на хемикалии и хемиски производи (1,6%) и производство на кожа (1,2%).

Анализирано според расходната страна на БДП, во К-3-2014 растот е придвижен од бруто инвестициите и извозот. Годишниот реален раст на бруто инвестициите изнесува 17%, како резултат на инвестициите во градежништво и растот на увозот на инвестициски добра. Извозот на стоки и услуги во К-3-2014 забележа раст од 15,4% на реална основа, главно како резултат на растот на извозот на компаниите во технолошко-индустриските развојни зони и индустриските зони. Увозот на стоки и услуги забележа раст од 14%. Растот на финалната потрошувачка во К-3-2014 изнесува 1%, што се должи на растот на личната потрошувачка од 2,5%, додека јавната потрошувачка забележа пад од 5,2%. Растот на личната потрошувачка е главно резултат на растот на вработеноста и посилниот раст на кредитирањето на населението во овој квартал.

График 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност; Извор: ДЗС




Во К-3-2014 продолжија позитивните движења на пазарот на работна сила. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 1,2% во однос на истиот квартал од претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 2,7%. Бројот на активно население во К-3-2014 е повисок за 0,1% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-3-2014 да се намали на 27,9%, односно за 0,8 процентни поени (п.п.) споредено со

[2] Индексот во оваа дејност е над 1000.

истиот квартал од претходната година. Стапката на вработеност во К3 изнесува 41,3% и во однос на истиот квартал од претходната година е повисока за 0,5 п.п.. Активното население во К-3-2014 претставува 57,3% од вкупното работоспособно население, и е на истото ниво споредено со К3 претходната година.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-3-2014 забележа пад од 0,3% во однос на истиот квартал од 2013 година, по падот од 0,9% забележан во претходниот квартал. Падот на цените е резултат на намалените цени во категориите: Рекреација и култура од 5,4%, Комуникации од 2,9%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 2,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,6%, Ресторани и хотели од 1,3% и Транспорт од 0,3%. Највисок раст на потрошувачките цени од 7,7% во К-3-2014 е регистриран во категоријата Здравје, следен од категориите: Алкохолни пијалаци и тутун од 3,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,7%, Останати стоки и услуги од 1,4%, Облека и обувки од 0,9% и Образование од 0,2 %.

График 2.1. Стапка на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-3-2014 забележаа намалување од 0,9% споредено со истиот квартал од 2013 година, по падот од 1,2% забележан во претходниот квартал. Падот на цените на мало во овој период се должи на намалените цени во категоријата Услуги, кои се пониски за 2,2% на годишна основа. Во категоријата Стоки цените останаа непроменети. Притоа, пад на цените има кај земјоделските производи од 0,9%, додека цените на индустриските производи забележаа раст од 0,1%, како резултат на растот на малопродажната цена на тутунот од 4,4%, на пијалаците од 0,4% и на непрехранбените индустриски производи од 0,3%. Цените на мало на прехранбените индустриски производи забележаа пад од 1,3%.

Просечната **нето плата** во К-3-2014 изнесува 21.282 денари и е за 1,1% повисока на номинална основа споредено со нето платата во К-3-2013. На реална основа, нето платата регистрира зголемување од 1,4%. Просечната **бруто плата** изнесува 31.165 денари и бележи раст од 0,8% на номинална основа, односно раст од 1,1% на реална основа, споредено со бруто платата во К-3-2013.

Растот на економската активност во К-3-2014 беше проследен и со раст на бројот на вработени. Притоа, економскиот раст беше посилен од вработеноста, што резултираше и со раст на **продуктивноста на трудот** од 2,8%, со што продолжува позитивниот раст на продуктивноста.

График 2.2. Стапка на номинален и реален раст на бруто плата (к/к-4); Извор: ДЗС




## 3. Фискален сектор

Во третиот квартал од 2014 година беше забележано пониско остварување на вкупните буџетски приходи за 2,6% во однос на истиот квартал од 2013 година, истовремено придружено со помали буџетски расходи за 0,6%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-3-2014 да изнесува 2.696 милиони денари или 2,0% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 2.633 милиони денари, односно 2,0% од БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 27,0% од реализираниот квартален БДП и се пониски за 2,6% споредено со истиот квартал од 2013 година, што најмногу се должи на пониското остварување на неданочните приходи од 41,8%, повисокото остварување на даночните приходи од 2,7% и повисоките придонеси од 3,6%,. Притоа кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај акцизите, данокот на додадена вредност, персоналниот данок и данокот на добивка, додека пониска наплата беше реализирана само кај приходите од царина и од други даноци.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 52,0% од вкупните даночни приходи. Тие во К-3-2014 се повисоки за 1,0% споредено со истиот квартал од 2013 година. Во структурата на бруто приходите од ДДВ, бруто наплатата е повисока за незначителни 1,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 14,3% споредено со истиот период од 2013 година.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува раст од 4,2%, ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 4,5%, додека учеството на ДДВ донациите и каматата е незначително (0,9%). Приходите од акцизи се повисоки за 5,4% споредено со истиот квартал од 2013 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување

од 21,4%. Приходите од данокот на добивка беа зголемени за 27,5% во споредба со истиот квартал од претходната година, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица.

Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци го зголемија своето учество во БДП за 0,5 п.п. (2,9% од БДП) на годишна основа,, додека кај индиректните даноци беше забележано идентично учество (11,8% од БДП).

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-3-2014; Извор: МФ




Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 3,6%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 3,1%, кај придонесите за здравствено осигурување 4,7% и кај придонесите за вработување од 4,0%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,0% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани за 41,8% помалку во однос на истиот период од 2013 година.

Капиталните приходи во К-3-2014 беа пониски за 56,1% на годишна основа (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-3-2013, приходите по основ на донации се пониски за 24,0%.

Во К-3-2014 вкупните **буџетски расходи** со учество од 29,0% во кварталниот БДП, беа пониски за 0,6% споредено со истиот квартал од 2013 година. Тековните расходи, кои претставуваа 26,7% од кварталниот БДП, забележаа учество од 91,9% во вкупните расходи и беа реализирани за 1,6% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 8,1% повисоко, додека кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 1,5% во однос на истиот квартал лани. Средствата за трансфери, кои учествуваа со 2/3 во вкупните расходи (65,5%), беа повисоки за 0,5% на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 1,7% и учествуваа со 49,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 8,7%, и учествуваат со 31,7% во вкупните расходи. Учеството на категоријата

други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,3%, односно забележа намалување од 1,6% споредено со истиот квартал од 2013 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа забележаа намалување од 5,9%, а субвенциите и трансферите беа остварени за 2,3% повеќе.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 9,6% на годишна основа, додека споредено со К-2-2014 тие се намалени за 29,6 п.п. Расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 16,5% на годишна основа, додека каматите за странскиот долг се зголемени за 4,1% на годишна основа, но споредено со К-2-2014 тие се пониски за 8,2 п.п..

Капиталните расходи, кои претставуваа 2,4% од кварталниот БДП, споредено со истиот квартал од 2013 година беа пониски за 20,4%, односно оствариja учество од 8,1% во вкупните расходи.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетските приходи[3] во однос на номиналниот БДП, во К-3-2014 изнесуваше 24,2% и претставува идентичен износ на оптоварување во однос на К-2-2014. Вкупните буџетски расходи претставуваа 29,0% од кварталниот БДП, што е за 1,0 п.п. понизок реализиран износ во однос на К-2-2014, односно намалување од 1,0 п.п. на годишна основа.

График 3.2. Долг на централна влада и негова структура;
Извор: МФ




Вкупниот **долг на централната влада** на крајот на К-3-2014 забележа зголемување на своето учество во БДП од 6,4 п.п. во однос на К-2-2014 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во нејзиниот вкупен долг беше зголемено за 6,4 п.п. во однос на К-2-2014, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во нејзиниот вкупен долг беше намалено за исто толку процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше намалено на 37,2% од нејзиниот вкупен долг.

[3] Вклучува даночни приходи, социјални придонеси и административни такси и давачки.

# 4. Монетарно-финансиски движења

Во третиот квартал на 2014 година, НБРМ ја процени монетарната поставеност за соодветна на економските и финансиските услови и ја задржа основната каматна стапка непроменета на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена е непроменета и изнесува 1,25%.

**Примарните пари**[4] во К-3-2014 година регистрираа засилен квартален раст од 2,9% (во К-2-2014 растот изнесуваше 2,5%) во услови на раст на вкупната ликвидност на банките од 2,1% и на готовите пари во оптек од 3,9%. Во однос на септември 2013 година, примарните пари се зголемија за 7,5% (наспроти растот од 2,2% во К-2-2014), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек од 9,6% и на вкупната ликвидност на банките од 5,7%.

График 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Во текот на третиот квартал од 2014 година, најтесната парична маса **М1** забележа квартален раст од 5,2% во однос на К-2-2014 година. **Монетарниот агрегат М2** во К-3-2014 забележа раст од 3,3%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** се зголеми за 3,7%.

**Вкупниот депозитен потенцијал**[5] на банките во К-3-2014 година се зголеми за 3,6% на квартална основа, што претставува забрзан раст во однос на претходниот квартал, кога беше регистриран раст од 0,4%. Од аспект на секторската структура, зголемениот депозитен потенцијал се должи на растот на депозитите на приватните претпријатија од 8,8%. Истовремено, депозитите на домаќинствата забележаа квартален раст од 1,9%.

Од аспект на валутата, денарските депозити се зголемија за 4,1%, додека девизните депозити се зголемени за 2,9% во однос на претходниот квартал. Степенот на евроизација е намален за 0,2 п.п., односно на 42,4%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, кое во К-

[4] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

3-2014 достигна 26,6%, што е во согласност со кварталниот раст на долгорочните депозити од 4,7% (3,3% во К-2-2014). Во анализираниот период краткорочните депозити забележаа раст од 2,3%.

**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор** во К-3-2014 година бележи квартален раст од 1,4% (наспроти растот од 2,9% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 2,9% и раст на кредитите кон приватните претпријатија од 0,4%. Од валутен аспект, денарските кредити го водеа растот на вкупните кредити и се зголемија за 1,7% на квартално ниво, додека кредитите во странска валута во К-3-2014 година регистрираа квартален раст од 0,4%.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-3-2014 година бележат квартален раст од 1,4%, додека краткорочните кредити бележат пад од 0,2%.




Во третиот квартал на 2014 година, НБРМ ја задржа **каматната стапка на благајничките записи** непроменета на ниво од 3,25%. Каматните стапки на депозитните банки и во К-3-2014 година забележаа надолни поместувања на квартална основа. Имено, каматната стапка за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 7,4%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот на 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали од 6,3% во К-2-2014 на 6,2% во К-3-2014. Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2014 изнесува 3,7% и е намалена за 0,2 п.п. во однос на претходниот квартал, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 1,3% во К-3-2014.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2014 се намали за 0,1 п.п. на квартално ниво и изнесува 6,6%, додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити се намали за 0,2 п.п. и изнесува 5,9%. Каматната стапка на новопримените денарски депозити се намалија за 0,1 п.п. и изнесува 2,0%, додека онаа на новопримените девизни депозити изнесува 0,4% и остана непроменета во споредба со претходниот квартал.

На **пазарот на капитал,** во третиот квартал од годината се забележа пад на вкупниот промет на берзата од 42,2% во однос на претходниот квартал, што се должи на намалениот износ на блок трансанкциите. Прометот остварен преку класичното тргување се зголеми за 1,3%.

Во однос на истиот квартал од претходната година, вкупниот промет забележа раст од 0,6% во услови на зголемен промет од класичното тргување. Прометот остварен преку класично тргување забележа раст од 33,5% на годишна основа.

График 4.3. Вкупен промет на берза и МБИ 10;
Извор: Македонска берза




Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на третиот квартал изнесуваше 1.713,44 индексни поени, што претставува раст од 4,9% во однос на јуни 2014 година, додека во однос на септември 2013 година индексот е повисок за 4,8%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно - трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-3-2014 вкупната надворешно-трговска размена со странство изнесува 2.384,0 милиони евра и бележи раст од 17,2% во однос на истиот квартал од 2013 година.

Во К-3-2014 **извозот** на стоки изнесува 982,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година забележан е раст од 19,1%, додека во однос на претходниот квартал раст од 4,7%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-3-2014 во однос на истиот квартал од 2013 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди се зголеми речиси двапати (во рамки на кои се зголемија категориите: електрични машини, апарати и делови за повеќе од двапати или 51,4 милиони евра; индустриски машини и делови за 52,2% или 29,5 милиони евра; и друмски возила за речиси трипати или 12,8 милиони евра);

- хемиски производи за 28,8% (хемиски материи и производи се зголеми за 40,8% или 46,8 милиони евра);
- разни готови производи за 10,8% (во рамки на кои се зголемија категориите: мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за речиси двапати или 10,7 милиони евра; облека за 5,8 % или 7,0 милиони евра);
- производи за храна за 8,0% (во рамки на кои се зголемија категориите: овошје и зеленчук за 10,7% или 5,0 милиони евра; и жита и преработки од жита за 11,7% или 1,4 милиони евра); и
- суровини освен гориво за 2,0% (сирово ѓубриво и минерали за 17,1% или 1,2 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- пијалаци и тутун за 9,1% (во рамки на кои категоријата тутун и производи од тутун за 12,3% или 4,8 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 12,4% (нафта и производи од нафта се намали за 13,6% или 2,8 милиони евра); и
- производи класирани по материјалот за 0,3% (железо и челик се намали за 0,6% или 0,8 милиони евра).

Во К-3-2014, гледано по **економска намена** најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (47,8%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (19,8%), производи за инвестиции без транспортна опрема (12,0%), храна и пијалаци (10,1%), транспортна опрема (8,4%) и горива и мазива (1,7%).

График 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС




**Увозот на стоки** во К-3-2014 изнесува 1.401,1 милиони евра и претставува раст од 16,0% во однос на К-3-2013 година, додека во однос на претходниот квартал раст од 2,5%.

Анализирано **по сектори на СМТК**, најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-3-2014 во однос на К-3-2013 се забележува кај:

- производи класирани по материјалот за 28,2% (при што зголемување има кај категориите: обоени метали за 68,3% или 72,4 милиони евра; и железо и челик за 28,1% или 17,2 милиони евра);
- машини и транспортни уреди за 24,4% (електрични машини, апарати и делови за 51,3% или 26,2 милиони евра; и друмски возила за 23,7% или 11,6 милиони евра);
- суровини освен гориво за 65,4% (метална руда и отпадоци од метал се зголеми за повеќе од двапати или 21,3 милиони евра);
- хемиски производи за 5,0% (неоргански хемиски производи за речиси двапати или 10,2 милиони евра); и
- минерални горива и мазива за 0,5% (електрична енергија за 35,3% или 9,1 милиони евра);
- производи за храна за 2,1% (жита и преработки од жита за 26,6% или 3,8 милиони евра);
- разни готови производи за 12,2% (облека за 24,0% или 3,2 милиони евра; и мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 19,2% или 1,7 милиони евра;).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- пијалаци и тутун за 9,6% (при што намалување има кај категоријата: тутун и производи од тутун за 14,5% или 1,1 милиони евра).

Гледано по **економска намена,** во К-3-2014 најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (48,0%), потоа следуваат горива и мазива (14,7%), производи за инвестиции без транспортна опрема (11,9%), стоки за широка потрошувачка (10,1%), храна и пијалаци (9,9%) и транспортна опрема (5,4%).

График 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2014
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС




Надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во К-3-2014 е зголемена за 20,2% во однос на К-3-2013, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се

зголемило за 0,7 п.п. во однос на третиот квартал од 2013 година и изнесува 68,1%. Притоа извозот на стоки учествува со 74,5%, а увозот на стоки со 63,5%.

Како резултат на структурните промени во размената со странство, во третиот квартал од 2014 година 94,9% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, Грција, Србија и Кина, а остатокот од дефицитот во размената со: Турција, Романија, Словенија, Австрија, Бугарија, Русија, Италија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Белгија и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија за платно-билансните движења, во третиот квартал од 2014 година на тековната сметка беше регистриран суфицит од 120,6 милиони евра, што претставува 5,6% од БДП[6] и споредено со истиот квартал од 2013 година бележи стеснување за 0,2 п.п..




На годишно ниво, суфицитот на тековната сметка во К-3-2014 е намален за 9,3%, за што најголем придонес имаше продлабочувањето на дефицитот на сметката на стоки за 2,9% (придонес од -9,7 п.п.) и продлабоченото негативно салдо на сметката на примарен доход за 13,9% (придонес од -5,5 п.п.). Од друга страна, во спротивна насока влијаеше зголемувањето на суфицитот од сметката на Услуги за 2,1% (придонес од 2,4 п.п) и зголемениот суфицит на сметката на секундарен доход за 1% (придонес од 3,5 п.п).

Во услови на поголемо апсолутно зголемување на увозот од извозот на стоки, **трговскиот дефицит** во К-3-2014 забележа продлабочување за 2,9% на годишно ниво (или за 13 милиони евра) и изнесува 20,9% од кварталниот БДП.

Во К-3-2014, во услови на поголемо апсолутно зголемување на извозот од увозот на услуги, беше регистрирано зголемување на салдото на **сметката на услуги** за 2,1% на годишно ниво.

[6] Во пресметката е користен БДП за трет квартал од 2014 година, објавен од Државен завод за статистика.

**Трговската отвореност** на Република Македонија во К-3-2014 изнесува 115,4% од БДП и е зголемена за 9,8 п.п. во однос на истиот квартал од 2013 година.




Сметката на **примарен доход** во К-3-2014 имаше негативен придонес од 5,5 п.п. во движењето на тековната сметка, при регистриран нето одлив од 59,9 милиони евра и продлабочување на годишно ниво за 14%.

Приливите на сметката на **секундарен доход** во К-3-2014 изнесуваат 476,2 милиони евра и бележат мал раст на годишно ниво (1%). Растот се должи на зголемувањето од 3,8% на доходите од секторот Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции, коишто им служат на домаќинствата[7], кој учествува со 98,6% во сметката на секундарен доход, додека намалувањето на доходот од секторот Држава за 65,2% влијае во спротивна насока и учествува со 1,4% во сметката на секундарен доход.

Салдото на **капиталната сметка** во К-3-2014 е негативно и изнесува -0,2 милиони евра, што претставува неповолно движење во однос на К-3-2013 кога бил остварен суфицит од 1,6 милиони евра.




**Директните инвестиции** во земјата во К-3-2014 изнесуваат 53,2 милиони евра и се намалени за 31,8% на годишно ниво (или за 24,8 милиони евра), во најголем дел поради

[7] Во сметката на секундарен доход спаѓаат доходите од сектор 1. Држава и од сектор 2. Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени 2.1/Личните трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и 2.2/Останати тековни трансфери.

одливите/негативното салдо по основ реинвестирана добивка (негативен придонес од -66,3 п.п.), која во К-3-2014 изнесува -26,4 милиони евра. Во иста насока делуваше и намалениот прилив по основ на сопственички капитал (намалување за 11,4% во К-3-2014), додека во спротивна насока делуваше приливот на средства од должнички инструменти (зголемување за 74% или за 28,5 милиони евра).

**Портфолио инвестициите** во К-3-2014 се негативни и изнесуваат -496,2 милиони евра и на годишно ниво бележат намалување од 502,6 милиони евра, што во најголем дел се должи на зголемувањето на должничките хартии од вредност, односно зголемени се нето обврските на секторот Држава поради издадената еврообврзница во јули 2014 година.

**Останатите инвестиции** во К-3-2014 изнесуваат 133,5 милиони евра и на годишно ниво бележат пад од 29,1%. Во рамки на категоријата останати инвестиции валутите и депозитите се зголемија за 5,9%, додека заемите се намалија за речиси седум пати.

**Состојбата на девизните резерви** на крајот од третиот квартал од 2014 година изнесува 2.435 милиони евра.